Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 18.03.2020

На 17.03.2020 во 13.10 часот полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Белановце, при обиколка на терен од граничниот премин кон с.Белановце, ги привеле А.А.(29) и М.А.(21), двајцата од Куманово, поради тоа што илегално ја преминале државната граница од Р.Косово кон Р.С.Македонија. По извршена проверка било констатирано дека М.А. се барал врз основа на судска наредба од Основен суд Куманово за издржување казна затвор од траење од шест години. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 18.03.2020 во 02.40 часот во Гостивар, поради основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено поминување на државна граница" бил лишен од слобода Ф.З.(24) од Р.Албанија и бил задржан во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 18.03.2020 во 06.00 часот од полициски службеници од СВР Скопје, по превземени мерки на ул.„Антон Попов", бил лишен од слобода Л.И.(29) од с.Орланци, по кој се трага со наредба поради бегство од затвор. Тој бил приведен во Полициската станица Кисела вода за понатамошна постапка.

На 17.03.2020 околу 20.30 часот во тетовска Шипковица, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Ш.А.(54) од ова село, во врска со кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". Ш.А. е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 17.03.2020 во 07.00 часот од полициски службеници од СВР Скопје по преземени мерки на ул.„Брсјачка Буна" бил пронајден и лишен од слобода Д.О.(28) од Скопје, по кој се трага со потерница поради бегство од затвор. Тој бил приведен во Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 17.03.2020 во 21,30 часот било пријавено дека на обиколницата „Пријателство", во близина на клучката за Приштина, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од З.К.(38) од Скопје и патничко возило „рено", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ј.(24) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „рено", Љ.Ј.(24) од Скопје, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", за укажување на лекарска помош. Со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, по што биле пренесени во Градската општа болница „8 Септември", за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Полициски службеници од СВР Битола на 17.03.2020 извршиле контрола на возилата за брзина, алкохол, зборување на мобилен телефон, техничка неисправност, поседување возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека шест возачи управувале возило со поголема брзина од дозволената, на мобилен телефон разговарал еден возач, а возачка дозвола не поседувал еден возач. За сите неправилности се издадени соодветни поднесоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.А.(32) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување општа опасност" и „загрозување на сигурноста". Во периодот од 01.03.2020 од 20.30 часот до 02.03.2020 до 07.30 часот на ул.,,Гоце Делчев" во Охрид, пријавениот од тераса од стан, од огнено оружје во негова сопственост, испукал неколку куршуми од кои четири проектили завршиле во паркирани патнички возила, сопственост на пекарница. По овој настан, на 03.03.2020 Г.А. упатил сериозни закани кон Љ.Н. и други вработени во пекарницата, со што предизвикал чувство на загрозеност на сигурноста и страв кај Љ.Н. и вработените.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против П.М.(64) од с.Чешиново, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 03.03.2020, на место викано „Кула", во атар на с.Чешиново, ја загрозил сигурноста на полициски службеник од Кочани, на тој начин што замавнувал кон него со железен предмет, упатувајќи притоа сериозни закани по неговиот живот, откако полицискиот службеник, кој бил на службена должност, го затекнал пријавениот како потпалува стрниште во нива.

Надворешната канцеларија за Криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.И.Н.(41) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „кражба" и „измама при добивање кредит или друга погодност". Во периодот од 28.11.2017 до 31.10.2018 пријавената од работното биро на Д.Т.(41) во фабрика во Кичево, во 11 наврати противправно ги присвоила личната карта и дебитната картичка издадена од банка на име Д.Т., а податоците од личната карта ги искористила лажно претставувајќи се во име на Д.Т. за склучување на 11 договори за потрошувачки кредит со различни финансиски друштва, а потоа одобрените 11 брзи кредити, во вкупен износ од 186.028 денари, во 11 наврати, со картичката на која бил залепен пин-кодот, ги подигнала преку банкомат.

Надворешната канцеларија за Криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ј.Х.(37) од Крушево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама во службата". На 04.04.2019 пријавениот, како управител на правно лице од Крушево, при склучување на усмен договор за купување на дизел гориво во количина од 600 литри, го довел во заблуда оштетениот Б.Е. од Кичево, управител на бензиска пумпа, на тој начин што при склучување на договорот на Б.Е. му го прикрил фактот дека од 02.09.2018 купувачот бил со блокирана банкарска сметка, со што на правното лице, каде управител бил оштетениот, му нанел штета во износ од 54.958 денари.

На 17.03.2020 од страна на ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп поднесена е кривична пријава против З.Г.(58) од Прилеп, во својство на генерален директор во правно лице и В.К.(46) од Струмица, вработен во истото правно лице, во својство на советник на генералниот директор, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на февруари и март 2019 пријавените, со намера да извлечат пари од сметката на правното лице и да го прикријат текот на парите, ја злоупотребиле својата положба и овластувања на начин што, без консултација со службите од правното лице и одборот на директори, пристапиле кон наводна реализација на договор во вкупна вредност од 1.725.000 евра, за испорака на производи за фирма во Р.Гана, по цена во повеќекратен износ повисока од реалната. Целокупната кореспонденција се одвивала преку приватни електронски пошти на пријавените. Истите пристапиле кон извршување на плаќање на парични средства на физички лица, преку брз трансфер на пари, за наводни трошоци на тендер во износ од 350 евра, за авторизација на договор во Врховен суд на Р.Гана во износ од 9.700 евра и дозначување на парични средства преку банкарска девизна сметка, која ја користи правното лице во износ од 34.500 евра. Пријавените го оштетиле правното лице за вкупен износ од 3.052.584 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.К.(33) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторени четири кривични дела „измама". Во текот на 2016, пријавениот ги извршувал кривичните дела на начин што на интернет отворил оглас на кој нудел посредување за добивање на работна виза во странство и се претставувал под различни имиња, при што на оштетените Ф.С.(27) од с.Шемшово – тетовско, Х.В. (47), С.С. (38) и Р.А. (33) сите од Тетово, им ја давал неговата трансакциска сметка за да извршат уплата на парични средства од 180 до 2.000 евра, а по извршената уплата им барал да достават фотографија од извршените уплатници преку социјалната мрежа и потоа ги блокирал сите четири мобилни телефони кои ги користел. На оштетените им е причинета материјална штета во износ од 226.320 денари. Од полициски службеници бил извршен претрес во неговото возило и биле пронајдени парични средства во висина од 1.309.000 денари, како и документација со пишани лични податоци од оштетените лица. Пријавениот повеќе од две години се криел во станови и изнајмени престојувалишта на подрачјето на Скопје и од страна на полициски службеници од Одделението за потраги, во соработка со Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино, е лишен од слобода и предаден за издржување казна затвор во КПУ Затвор Идризово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години". На 11.02.2020 во напуштена просторија на ул.„Февруарски поход" во Скопје, пријавениот, извршил полови дејствија врз малолетничка, со која бил во љубовна врска.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против З.Ќ.(58) од с.Робово, пехчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 07.02.2020 во продажен објект на ул.„Борис Кидрич" во Пехчево, пријавениот при наплата на купена стока, пуштил во оптек фалсификувана банкнота во апоени од 2.000 денари, со намера да ја прикаже како вистинита.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Р.(34) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.12.2017 на ул.„Димитрие Чуповски" во Велес, од полициски службеници бил извршен претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени дигитална вага и хероин.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Д.А.(32) од с.Чајле, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 19.09.2018 на ул.„Живко Брајкоски" во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на Д.А., при што пронашле и одзеле марихуана.

На 17.03.2020 во 10.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на место викано „Каменолом" во с.Град полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор Делчево запреле трактор „фиат", со делчевски регистарски ознаки, управувано од В.С.(54) од с.Град, кој превезувал огревно дрво без потребна документација, по што истиот го напуштил местото на настанот, оставајќи ја приколката со дрва. За настанот е известена Шумска полиција од Делчево, а увид извршила екипа од Полициска станица Делчево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2020 во 04.30 часот во Полициска станица Прилеп било пријавено дека во викенд куќа во Прилеп, сопственост на З.В., настанал пожар. Пожарот е изгаснат, повредени лица нема.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(21) од Скопје, затоа што според пријавеното, на 24.02.2020 околу 11.45 часот во с.Кучевиште допирал по телото една малолетничка, а потоа на место викано „Бел пат" во с. Кучевиште, скопско, допирал по телото друга малолетничка.

На 17.03.2020 во 22.20 часот Ј.П.(24) од Битола пријавила дека околу 17.20 часот во книжарница на ул.„Димитрие Чуповски" едно лице, со употреба на сила ѝ украло паричник со пари и документи. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.03.2020 во 19.45 часот било пријавено дека на ул.„Антон Чехов", по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.Г.(43) и С.Р.(65), двајцата од Скопје. Сочинети се записници по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 17.03.2020 во 08.30 часот В.А.(30) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилевски Бато" бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.03.2020 во 13.00 часот полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Блато утврдиле пукање од огнено оружје во близина на граничниот премин. Нема пријава за повредени лица. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет